558

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
Скопје
4. I. 1966

КРАТОВО:

# „СКРШЕНАТА ЏАМИЈА“ – ЕДИНСТВЕНА ВО СФРЈ



ЛАЗАР СОФИЈАНОВ

**Академскиот сликар, професор по ликовно воспитување- Лазар Софијанов – татко на единствената детска уметничка галерија во нашата земја**

**КРАТОВО, ЈАНУАРИ. — Досега повеќепати пишувавме за кратовските млади уметници, за сликарското училиште, единствената детска уметничка галерија во нашата земја и за многубројните признанија. Најзаслужен за сето ова е академскиот сликар, професорот по ликовна уметност во Кратово, Лазар Софијанов.**

Повод за ова е почесната диплома што неодамна ја доби Софијанов од Друштвото за ликовните педагози на Војводина за вонредното залагање и за ликовното воспитување на учениците. Оваа, кој знае која по ред диплома, е вест од морето секојдневни настани. Но, сепак, не е секојдневна.

### ИЗЛАГАЊЕ ВО СТРАНСТВО

Освен ликовното училишно воспитување, во Кратово постои единствено сликарско училиште на младите. Резултат на тоа сликарско училиште е обемната уметничка галерија на детски ликовни творби во „Скршената џамија“ каква би сакале да имаат многу градови.

**За одбележување е и тоа што секој млад сликар од Кратово има добиено најмалку десет покани за учество на изложби во странство и за размена на ликовни трудови. Тие излагаа во Индија, САД, СССР, Франција и ДР Германија и досега имаат добиено повеќе признанија.**



КРАТОВО

### ПРОФЕСОРОТ СОФИЈАНОВ

Како што рековме во почетокот, за сите овие успеси најголема заслуга има професорот Софијанов чија досегашна работа на ликовен план го услови постоењето на галеријата и кратовските деца во својот менталитет да носат посебни белези и разбирања за ликовната уметност. Преку секојдневната работа на овој просветен работник се откриени потенцијалните уметници на овој град со бурно и богато историско минато.

**Со својот труд, професорот Софијанов може и треба да послужи како пример за естетското воспитување на учениците и за развивање на смислата за уметничко доживување.**

**Ж. Кондев**